Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ-MUZEU
Бр.Nr.: 03-186/2
08.06. 2022 год.viti.
КУМАНОВО-KUMANOVË

МУЗЕЈ КУМАНОВО

НУ МУЗЕЈ – Куманово

Република Северна Македонија

Ул.Доне Божинов бр.24 Куманово

Тел: 031 422 495

Е-маил: muzejkumanovo@yahoo.com

Врз основ на член 22 и член 23 од Законот за работни односи ( „Службен Весник на Република Македонија„ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019), член 3 и член 20-г од Законот за вработени во јавен сектор („Службен Весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20),и член 76-ж од Законот за култура ( „„Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. 3526на РМ" бр.15/2008), одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр.02-460 од ден 26.11.2018 година, Правилник за измена и дополнување на правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас бр.02-73 од ден 25.02.2020 година,Правилник за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар бр.02-459 од ден 26.11.2018 година и Правилник за измена и дополнување на Правилник за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар бр.01-154 од ден 17.05.2022 година, Национална установа Музеј-Куманово објавува :

# ЈАВЕН ОГЛАС

## Број 2/2022

За вработување на неопределено време на помошно-технички персонал во Национална установа Музеј- Куманово

1 (еден) извршител на работно место Хигиеничар, со реден број 23 и шифра на работно место КУЛ 04 01 Б03 001.

Посебни услови : степен на образование за ниво Б03, најмалку основно образование, без работно искуство.

Напомена: согласно Годишниот план за вработување на установата за 2022 година и Балансер, едно (1) вработување за работно место Хигиеничар е предвидено за албанец/ка.

Покрај горенаведените посебни услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа Музеј- Куманово со архивски бр.01-222 од ден 18.08.2020 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Н.У.Музеј-Куманово со архивски бр.01-62 од ден 02.03.2021 година,Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Н.У. Музеј- Куманово бр.01-117 од ден 13.04.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Н.У. Музеј- Куманово бр.01-209 од ден 28.06.2021 година и Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места во Н.У. Музеј- Куманово бр.01-155 од ден 17.05.2022 година, заинтересираните кандидати мора да ги исполнуваат и општите услови за вработување и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Распоред на работно време : Дневно работно време во траење од осум (8) часа со почеток во 08:30 и завршеток во 16:30 часот од понеделник до петок, неделно работно време во траење од 40 часа.Основна нето плата : 20.637 денари

Рокот на доставување на пријавите со потребната документација изнесува пет ( 5 ) работни дена сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Пријавата за огласот може да се подигне во архивата на Н.У.Музеј- Куманово на ул.Доне Божинов бр.14 Куманово или да се превземе од интерент страна на музејот www.kumanovomuseum.com. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство
- Уверение за општа здравствена способност за работно место
- Потврда/Уверение дека не е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност и должност
- Доказ Свидетелства/Диплома за завршено образование

Пријавата со потребна документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Национална установа Музеј- Куманово, секој работен ден од 09 до 15 часот во затворен

плик со назнака за јавен оглас бр.2/2022 или по пошта на следната адреса: Доне Божинов бр.24 Куманово со назнака за јавен оглас бр.2/2022.

Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена кај нотар. Ненавремени пријави и документација нема да бидат предмет на разгледување. За резултати од конкурсот, кандидатите ќе бидат известени по електронски пат.

В.Д.Директор

Николиќ Мери